МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 1317/2
Датум: 22.02.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 22.02.2022 година изврши увид на лице место на ул.“Милан Марковиќ“ бр.4, по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“, Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши изведба на електромонтерски и земјеноградежни работи за барање на постоечки подземен кабел PP00 4x35мм$^2$, заради реализација на нов приклучок за објект на барател Славица Арсова.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија за планираниот зафат предвидува ископ на ров во должина од 1.00м, на начин што постоечкиот подземен кабел PP00 4x35мм$^2$ ќе се спои со нов до новопредвиден кабелски разводен ормар на ул.“Милан Марковиќ“ бр.4 КО Карпош , Скопје.

Трасата на ровот за подземниот вод започнува со подолжно сечење на асфалтна подлога од 1.00 м и поврзување со спојка со постоечки кабел до новопредвиден кабелски разводен ормар, а кои припаѓаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подолжно сечење на асфалтната површина да уплати износ од 1180,00 денари со вклучено ДДВ, за прекоп на асфалтна подлога.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од асфалтната подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок и завршно да се

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

асфалтира површината со АБ 11.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Данче Поповска

Соња Крајничанец

Тома Мандилоски